Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 95, 24 јануари 2013 година

јануари 2013 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле регулација и управување со технолошки процеси, наставно-научна област моделирање симулација и анализа на комплексни контролни системи и техники за контрола и управување на диксонтинуирани и континуирани процеси на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор од наставно-научно подрачје техничко-технолошки науки, наставно-научно поле електротехника, наставно-научни области електротехника и електроенергетика на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област гастрономија на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област туристичка промоција Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден насловен доцент/насловен вонреден професор во научната област Казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научна област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 29

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 34

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГАСТРОНОМИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2602-867/3 од 14.12.2012 година донесена на 88. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 14.12.2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање ***доцент*** за наставно-научната област ***гастрономија*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Дневник" на 7.12.2012 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот д-р Небојша Вуковиќ.

По разгледувањето на пристигнатиот материјал, врз основа на чл. 124, 125 и 142 од Законот за високото образование и чл. 7, 36, 37 и 38 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логитика да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Небојша Вуковиќ** е роден на 7 ноември 1970 година во Скопје. Средното угостителско училиште „Лазар Танев" го завршува во Скопје. Дипломира на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола и се стекнува со звање дипломиран организатор по туризам и угостителство. Вуковиќ своето образование го продолжува на постдипломските студии на истоимениот Факултет за туризам и угостителство во Охрид, на групата Туристички менаџмент, каде што на 18 декември 2006 година успешно го брани својот магистерски труд „*Влијание на професионализацијата на менаџерите врз профитабилноста на туристичкиот бизнис*" и се стекнува со звање магистер на науки од областа на туризмот и угостителството. На истата институција, на 21 август 2012 година, ја брани докторската дисертација со наслов „*Промоција на кулинарскиот производ во функција на развојот на туризмот*" и со тоа се стекнува со научен степен доктор на науки од областа на туризмот и угостителството.

Од 23 септември 1994 година, кандидатот е вработен во средното училиште „Лазар Танев" во Скопје, со работни задачи наставник по готварство со практична настава. Својата кариера и професионален ангажман ги збогатува со работењето во повеќе ресторани, како „Ореов лад", „Виторија", хотел „Континентал", дипломатски претставништва и амбасади. Во периодот од јуни 2000 до мај 2003 година, кандидатот работи и како готвач за официјалните претставници на Меѓународниот монетарен фонд во нашата земја за кое добива препорака.

Во 2007 година, учествува на натпреварот за најдобар штанд на „Образовното рандеву 2007".

Во 2008 година, Вуковиќ е ангажиран од страна на Центарот за стручно образование и обука на Република Македонија, како надворешен соработник за член во стручен тим за изработка на стандарди за постигањата на учениците и прашања за изработка на стандардизирани тестови. Истата година успешно ја завршува и обуката, која е дел од Проектот за модернизација на образованието од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија.

Во периодот од 22.10.2010 до 23.6.2011 година, д-р Небојша Вуковиќ е ангажиран во својство на судија во текот на снимањето, остварувањето и реализацијата на сите 30 емисии на реалното кулинарско шоу „Во оган”, кои се емитуваа на ТВ Канал 5 и ТВ Скај нет. Ова не е првото телевизиско искуство на кандидатот. Од 1997 година па до денес се појавува во повеќе контактно-образовни емисии на повеќе телевизиски канали.

Во текот на 2011 година, кандидатот работи во хотелот „Александар палас“ на работно место готвач.

Кандидатот одлично го говори англискиот јазик, а има и солидни познавања од германскиот јазик. Основач е на Здружението на гастрономи „Гастроарт“, преку кое во изминатиов период работи на повеќе проекти за промовирање и популаризација на гастрономијата во нашата земја.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Вуковиќ во учебната 2009/2010 година својата кариера ја продолжува како изведувач на настава на Академијата за гастрономија при МИТ универзитетот во Скопје за предметите: Современи системи на продажба, Основи на гастрономија и Интернационална гастрономија.

На 27септември 2012 година е ангажиран од страна на Бизнис центарот за тренинг и обука во Охрид, како организатор на обуката за возрасни за квалификација готвач.

Добиените теоретски сознанија, д-р Небојша Вуковиќ ги применува и во работата на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, каде што е ангажиран на првиот циклус на студии за учебната 2012/2013 година за следните предмети: Пекарство, Слаткарство и Кетеринг.

Посебен интерес покажува за националната гастрономија, а како потврда е неговата книга „Домашен готвач: гастрономско богатство на Македонија”, во која на 823 страници се илустрирани и се наоѓаат бројни рецепти кои кандидатот ги собирал во изминатиот период. Професионалната кариера и способност за научноистражувачка работа д-р Небојша Вуковиќ ги има презентирано во приложената документација, списокот на објавени трудови и учество во проекти, семинари, натпревари и телевизиски предавања.

***Учество на натпревари, семинари, обуки и проекти:***

1. Ученички проект „Европска кујна на македонски начин”, Австриска развојна кооператива, СУГС „Лазар Танев”, 2012;
2. Семинар „Форми на соработка со стопанството”, К Едукатион – Австрија, Центар за стручно образование и обука, Скопје, 2012;
3. 25-та годишна конференција и натпреварување, Европската асоцијација на угостителски училишта, Охрид-Скопје, 2012;
4. Награда „Мајстор и готвач од прв ред”, Сојуз на готвачите од медитеранските и европските региони, Сплит, 2012;
5. Семинар „Ревидирање на наставни програми”, К Едукатион – Австрија, Центар за стручно образование и обука, Скопје, 2010;
6. Семинар „Како до поголем квалитет и повисок профит од услугите во угостителството”, МИТ универзитет, Скопје, 2009;
7. Семинар „Кујна и исхрана – трет дел”, К Едукатион – Австрија, Центар за стручно образование и обука, Скопје, 2008;
8. Проектот „Модернизација на образованието”, Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2008;

9. Проектот „Изработка на стандарди за постигањата на учениците и прашања за изработка на стандардизирани тестови”, Центар за стручно образование и обука на Република Македонија, 2008;
10. Семинар „Кујна и исхрана – прв и втор дел”, К Едукатион – Австрија, Центар за стручно образование и обука, Скопје, 2007;
11. Натпревар „Најдобар штанд на Образовното рандеву 2007”, МОЛТ, Скопје, 2007.

***Научни и стручни трудови, конференции:***

12. **Вуковиќ, Н.,** „Домашен готвач: гастрономско богатство на Македонија”, Младинска книга, Скопје, 2012 (ISBN: 978-608-4500-35-3)
13. **Вуковиќ, Н.,** „Кулинарскиот туризам како алтернативен облик”, Зборник на трудови год.1, бр.1, стр.133-144, МИТ Универзитет – Скопје, 2010 (ISBN: 978-608-4589-00-6);
14. **Вуковиќ, Н.,** „Основи на угостителското готварство со осврт на ХАССП стандардите”, Европскиот ден на претприемачот 2010, СКМ, Скопје, 2010;
15. **Вуковиќ, Н.,** „Современи туристички движења”, Х Меѓународна конференција „Туризмот во услови на глобална економска рецесија”, Факултет за туризам и угостителство – Охрид, 4-5 јуни 2009.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот д-р Небојша Вуковиќ ги исполнува сите суштински и законски критериуми, како и критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, за да биде избран за наставник на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Кандидатот има наставно искуство, соодветно образование, многубројни учества во проекти, научноистражувачки трудови и книги, работилници и се афирмира и со учество во бројни телевизиски емисии од областа на туризмот и угостителството.

Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика **да го избере д-р Небојша Вуковиќ за насловен доцент од наставно-научната област *гастрономија*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Рецензентска комисија**

**Д-р Дејан Методијески, доцент, претседател, с.р.**

**Д-р Златко Јаковлев, доцент, член, с.р.**

**Д-р Нако Ташков, доцент, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Небојша Вуковиќ, доктор на науки од областа на туризмот и угостителството, според критериумите за избор во знање на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип**

| | Вид активност | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| **Наставно - образовна дејност** | | | | |
| 1. | Научно-популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 31*0,5 | | 15,5 |
| 2. | Раководител на семинар | 2*2 | | 4 |
| 3. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во два семестри во изборниот период) | 6*1.5 | | 9 |
| 4. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во два семестри во изборниот период) | 6*0,2 | | 1,2 |
| 5. | Член на комисија на ученички или студентски натпревари | 2*0,5 | | 1 |
| 6. | Раководител на студент или ученик во учество на студентска или ученичка манифестација | 2*1 | | 2 |
| | **Вкупно:** | **32,7** | | |
| **Ред број** | **Вид активност** | **Поени** | | |
| | | **во земјава** | **во странство** | |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | | |
| 1. | Монографија или научна книга (бр.12) | 1*10 | | 10 |
| 2. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство (бр.13, 14 и 15) | 3*1,5 | | 4,5 |
| 3. | Одбранета докторска теза | 8 | | 8 |
| 4. | Одбранета магистерска работа | 4 | | 4 |
| 5. | Учесник во научен проект | 3*5 | | 15 |
| 6. | Награди-признанија за научни постигнувања, сценско-музички награди (бр.4) | 1*5 | | 5 |
| | **Вкупно:** | **46,5** | | |
| **Ред број** | **Вид активност** | **Поени** | | |
| | | **во земјава** | **во странство** | |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | | |
| 1. | Труд објавени во зборник од трудови на стручен собир (бр.13) | 1*2 | | 2 |
| 2. | Пленарно предавање на стручен собир | 5*2 | | 10 |
| 3. | | | | |
| | **Вкупно:** | **12** | | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно:** | **91,2** |